Врз основа на Законот за локална самоуправа член 36 став 1 точка 15 (Службен весник на РМ бр.5/02),член 11 став 1 алинеја 7 и член 142 став 5 од Закон за социјална заштита („Службен весник на Република Северна Македонија„ бр.104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 294/21 и 99/22) и член 23 став 1 точка 11 од Статутот на општина Чучер-Сандево (Службен гласник на Општина Чучер-Сандево бр.5/19) на 20-та седница на Советот на Општина Чучер Сандево, одржана на ден 30.01.2023 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**за активности на општина Чучер Сандево**
**во областа на социјална заштита за 2023 година**

1.ВОВЕД

Социјалната заштита е дејност од јавен интерес кој се остварува преку јавни мерки и активности заради заштита од ризици, превенција и надмнување на социјални проблеми кои неповолно се одразуваат врз добросостојбата на граѓаните за спречување на социјална исклученост, подобрување на квалитетот на живот и посебно на зајакнување на капацитетите за водење на самостоен живот. Програмата е сеопфатен систем на мерки и активности насочени кон општо подобрување на условите за живот на најсиромашните и социјално исклучени граѓани. Истата треба да произведе позитивни трендови што ќе бидат препознатливи за граѓаните. Овие состојби ги дефинираме како ризици по основ на мајчинство, болест, смрт, повреда и попреченост и сл. Програмата треба да ги штити социјално најранливите кои поради лични, социјални и сл. околности не се во можност сами да ги задоволат основните животни потреби.

Префрлувањето на надлежнсотите на ниво на општините претставува напорен чекор кој пред се бара зајакнување на капацитетите на субјектите на локалната самоуправа.

Согласно Законот, општината формираше Совет за социјална заштита. Советот имаше обврска да изврши мапирање на социјалните проблеми и ранливи групи, да изврши анализа на сегашната состојба и капацитетите и расположливи социјални услуги, а посебно да ги утврди специфичните потреби за развој на социјаллните услуги во општината за да се дадат квалитетни индикатори за следење и анализа на социјалните аспекти на човечкиот развој на локално ниво.

Годишната програма за социјална заштита се изготвува врз основа на тригодишен социјалниот план којшто пак содржи мапирање на социјални проблеми на ранливи групи во општината, анализа на капацитети и расположливи социјални услуги, како и специфичните потреби за развој на социјалните услуги во општината.

2.ЦЕЛ

Основна цел на ова програма е општината да им помогне на граѓаните во надминување на социјалните ризици (моментални или долготрајни) на кои се изложени како и да започне со воспоставување на мрежата на услуги од кои има потреба на територија на Општината.

- активна соработка со институции на локално и национално ниво, со невладин и приватен сектор

-овозможување на достоинствен и безгрижен живот на старите лицата кои имаат потреба од социјална заштита;

-превземање на мерки и активности за реализација на активности согласно потребите на деца со посебни потреби во ООУ во Општината;

-клуб за стари лица.

-поддршка на лица кои ќе бидат погодени од одреден социјален проблем (проблем поврзан со социјалниот развој, поврзан со дивијантно однесување или проблеми настанати како последица на природни непогоди и епидемии.

3.АКТИВНОСТИ

Оваа Програма за 2023 година, ги предвидува следните активности:

1. Помош и нега на стари лица во домашни услови
2. Активности за подобрување на состојбата на деца со пречки во развој
3. Отварање на клуб за стари лица и
4. Еднократна парична помош –социјална превенција како заштита од социјален ризик, за спречување на појава на социјален проблем и ублажување на последиците од настанатите социјални проблеми на граѓаните

| **Ред. бр.** | **Цел** | **Активност** | **Носители** | **Рокови** | **Финансирање** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Помош и нега на стари лица во домашни услови | Продолжување на активностите согласно Договор 09-426/3 од 27.11.2020 г. | АДРА, МТСП општина Чучер Сандево, општина Бутел | Во тек на цела 2023 година | МТСП |
| 2 | Превземање на мерки и активности за реализација на изготвената Анализа за на потребите на деца со посебни потреби во ООУ во Општината | Аплицирање на повик на МТСП за развивање на социјални услуги на локално ниво | Општина Чучер Сандево/МТСП/ Здружение | Во тек на 2023 год. | МТСП/општина Чучер Сандево/ 100.000,00 ден. |
| 3 | Отварање на клуб за стари лица | Обезбедување и опремување на простор | МТСП /Донатори/ Општина | Во тек на 2023 година | Општина Чучер Сандево 100.000,00 |
| 4 | Еднократна парична помош | Постапување по поднесено барање согласно Правилник со критериуми за | Општина Чучер Сандево | Во тек на цела година | Општина Чучер Сандево – Комисија за општествени |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | доделување на ЕПП | | | дејности 200.000,00 |

Воедно, согласно Социјалниот план Општината ке вложи напор за пружање на услугата за информирање и упатување. Услугите на информирање и упатување опфаќаат информирање на граѓаните за правата од социјална заштита и расположливите социјални услуги, првична проценка и упатување до други институции, со цел остварување непречен пристап до правата и услугите.

4.ФИНАНСИРАЊЕ

Активностите кои е предвидени во оваа програма ке се финансираат од средства од буџетот на општина Чучер Сандево-400.000,00 денари, средства од буџетот на МТСП, како и преку други форми и активности за обезбедување финансиска подршка за нивно реализирање, спозорства и донации.

5.ДРУГИ ФОРМИ НА ПОДРШКА

Други форми и активности со кои ќе се работи на подобрување на социјалната слика на општината а  кои ќе се спроведуваат во текот на годината се:
-организирање на форуми, трибини, дебати
-организирање на други активности за деца на школска возраст
-други форми на подршка

6.ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Оваа Програма влегува во сила со денот на нејзино донесување и објавување во Службен гласник на Општината, а ќе се применува од денот на денесување до 31.12.2022 година.

**Бр.08-77/9**
**30.01.2023 година**
**Чучер-Сандево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР САНДЕВО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Сања Белинска**

_________________